# Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република С. Македонија*
*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*


До
**Група граѓани**
ул.″Јане Сандански", "Гоце Делчев","Цар Самоил",
″Раде Кратовче", "Борис Трајковски"

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 35 - 1900/2
16.09 20 20 год.
КОЧАНИ

**Предмет:Известување по Претставка бр. 35-1900/1 од 26.08.2020**

Почитувани,

Врз основа на претставката од Ваша страна во кои се наведени повеќе поплаки,барања и предлози Ве информираме за следново:

Овластениот инспектор за животна средина изврши вонреден инспекциски надзор на рестораните/кафеаните кои обавуваат дејност во овој дел од градот,направени се записници и истите се задолжени со Решение да ја измерат бучавата во животната средина која произлегува од севкупното работење на угостителските објекти.Воедно дадени се и усни укажувања и препораки за поголема грижа за околината во која живееме и работиме.

Сите останати случаи во кои се потенцирани галама,непристојни однесувања и вознемирување од посетителите на угостителските објекти/кафеани,особено пред самите деловни простории/објекти,седенки пред маалски продавници, музиката од автомобилите и некоректното однесување на поедини учесници во сообраќајот како и сите постапки со кои се вознемируваат жителите во овој дел од градот и воопшто, се од аспект на нарушување на јавен ред и мир и за истото може да го информирате соодветниот надлежен орган. Што се однесува за нелегално отворени кафеани или продавници надлежен е друг орган.

Во Законот за заштита од бучава во животната средина и подзаконските акти не се опфатени верските објекти како посебен вид и специфични објекти.

Во текот на работното време општинските комунални редар и комунален инспектор редовно вршат обиколки на посочените делови од градот.При теренските обиколки не се евидентирани /забележани фрлања на отпад ниту други незаконски постапувања.

Општина Кочани секоја година,согласно Програмата за популација на бездомни кучиња, редовно врши заловување на кучињата бездомници и при секое заловување е опфатен реонот околу градскиот плоштад до градскиот пазар.

По меѓусебните консултации,Овластениот инспектор за патен сообраќај Жаклина Пауновска-Анѓелковиќ и Соработник за локален сообраќај, Ѓорѓи Наков, за Претставка од граѓани на улиците: „Јане Сандански", „Гоце Делчев", „Цар Самоил", „Раде Кратовче", „Борис Трајковски" и другите улици кои гравитираат во тој дел од градот, го доставуваат следниот Одговор во делот за сообраќај и патишта:

1. Во даденото образложение од претставката во која се истакнува хаосот, отежнатото движење со автомобили и неможноста за непречено пристигнување до своите домови во пазарниот ден информираме дека при работни обврски, теренските увиди, секојдневните движење како претставници на службите во Општина Кочани, но и како граѓани и ние ја потврдуваме оваа и за нас веќе позната состојба на гореспоменатите улици за во четврток. Но покрај пазарниот ден, секојдневие на овие улици се паркирани возила на истата, сообраќај кој се одвива во два правци без можност за соодветно, брзо и безбедно разминување на возила. Отежнатиот проток за сообраќај и неможноста за разминување од паркирани возила кои се во сопственост на жителите кои живеат на оваа улица и за истите немаат обезбеден сопствен паркинг. Ситуација која лесно би се надминала доколку нема паркирани возила на улицата, но, сопствениците на возилата кои живеат на оваа улица немаат обезбеден паркинг простор во своите живеалишта. Ниту пак има можност да ги паркираат возилата на паркинг или во гаража која е во нивна непосредна близина, а и да има, прашање е дали граѓаните ќе ги паркираат возилата подалеку од своето живелаиште.

Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република С. Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

За оваа гратска четврт 6, во која гравитираат горепоменатите улици се изготвува нов ДУП- Детален урбанистички план кој е во постапка.

2. Во преставката, предлогот кој е сугериран во делот на решение за наведените постоечки проблеми информираме дека во општинските служби се прават анализи, покрај изготвување нови ДУП- Детални урбанистички планови, се изготвуваат и се планираат нови сообраќајни решенија. Во овој дел добро е да ја потсетиме и објасниме законската обврска за ново сообраќајно решение на било која улица во општината, односна дадениот предлог на група граѓани во претставката за промена во еднонасочен сообраќаен режим на движење на улицата значи промена во траен сообраќаен режим за што е потребно:

- поголем процент од граѓаните кои живеат на оваа улица да достават писмена согласност,
- да се изготви нов сообраќаен проект за траен режим на сообраќај од лиценциран субјект-проектант,
- Ревизија на сообраќајниот проект за траен режим на сообраќај,
- мислење од Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кочани
- Согласнот од МВР и
- Решение за траен режим на сообраќај.

Во меѓувреме сите учесници во сообраќајот ги повикуваме на соработка, повисока сообраќајна култура и прилагодување на условите на патот, посебно возачите за што потсетуваме задолжителна примена на Закон за безбедност на патиштата во сообраќајот и тоа Член 33: став (1) Возачот е должен брзината на движењето на возилото да ја приспособува кон својствата и состојбите на патот, видливоста, прегледноста, атмосферските услови, состојбата на возилото и товарот, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови, на начин да може навремено да го запре возилото пред секоја пречка што под дадените услови може да ја предвиди.

Дополнително информираме ресорните служби имаат постојани постапувања и одговори, како и теренски посети со претставници на МВР ОВР Кочани ПС Кочани ПО БСП Кочани по писмени барања од граѓани до Општина Кочани за решавање на проблеми кои се во оваа гратска четврт а во делот на одвивање на сообраќај,сообраќајна сигнализација,паркинг простор,превоз, прекопи и сл.

Одговорните во делот за сообраќај и патишта во Општина Кочани се отворени за взаемна соработка, предлози и промени во делот за безбедно одвивање на сообраќајот и заштита на патиштата.

Со почит,

*Овластен инспектор за патен сообраќај*

*Соработник за локален сообраќај*

*Овластен комунален инспектор*

*Овластен инспектор за животна средина*

Градоначалник на Општина Кочани
Николчо Илијев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ